ИИ305

ДНЕВНИК

Петок, 13 март 1998 ,597,5,

МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА СТАНА СОПСТВЕНИК НА ПОВЕЌЕ ОБЈЕКТИ

# Квадратниот метар во кругот на културата

**Министерството за култура неодамна доби на располагање повеќе објекти – згради, галерии, музејски простории – кои досега беа сопственост на јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор. Повеќето објекти ќе бидат искористени како простор за нови културни содржини.**

Во Скопје тоа се Хавзи-пашините конаци во Бардовци, Чифте-амамот во Чаршијата, Турската кула во близина на Домот на АРМ и галеријата на ДЛУМ. Во сопственост на Министерството преминуваат и неколку објекти во Битола - Детското ликовно студио, Друштвото „Стив Наумов" и Заводот и музеј на градот.

За Хавзи-пашините конаци во Бардовци, промовирани лани, ќе се грижи Музејот на современата уметност, освен за еден помал дел, кој ќе го користи Кинотеката на Македонија. Музејот има проект наречен Артсити, кој предвидува адаптирање на конаците во четириесетина уметнички ателјеа. Идејата е Хавзи-пашините конаци да станат уметнички центар.

- Во него ќе се отвораат ликовни изложби, ќе се одржуваат концерти и разни други културни настани. Ателјеата, преку конкурс со пропишани правила, ќе им се доделуваат на уметниците, кои ќе може да ги користат одреден период. Неколку ќе бидат резервирани за уметници од странство. Планирани се и други придружни објекти - библиотека, кафетерија, галерија и слично, вели Зоран Петровски, директор на МСУ.

За таа цел ресорното министерство и Музејот веќе се договориле да се формира фондација со свој управен одбор, а на проектот ќе работи иницијативен одбор од 6 членови, двајца од музејот и четворица надворешни. Реализацијата се очекува да почне наскоро, по донесувањето закон за фондации.

За Чифте-амамот, во кој веќе се одржуваат изложби, има повеќе интересенти-корисници, но сè уште е неизвесно кому ќе му биде доверен на располагање.

Турската кула ќе биде реновирана со пари што ги обезбедува ФАРЕ и француската Влада. Работите се веќе почнати, а во неа ќе биде сместено седиштето за фондацијата за развој на културата и туризмот.

Уметничката галерија на ДЛУМ во ГТЦ, по судскиот спор со сегашните корисници, е вратена во надлежност на Министерството, но неа и понатаму ќе ја користи Друштвото на ликовните уметници за култура.

Бараките во населбата Капиштец ќе им бидат дадени на малите издавачи и на разни здруженија од областа на културата. Дирекцијата за култура на Скопје оттаму е преместена и сега е во просториите на Театарот за деца и младинци, во центарот на градот.

Детското ликовно студио во Битола, Друштвото „Стив Наумов" и Музејот и заводот на градот сега се под Министерството за култура, односно Министерството веќе нема да му плаќа кирија на јавното претпријатие.

**Лилјана Дамовска**